**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Шестото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 септември 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, вие што сте тука и тие што се надвор, сакам да објавам, поради застојот во сообраќајот заради посетата на господинот Санадер, премиерот на Република Хрватска, објавувам пауза од половина час, а седницата ќе ја почнеме во 10,30 часот за да дојдат пратениците.

(По паузата)

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, дадов половина час пауза за да се собереме и еве сега 10 минути течат до кворумот, инаку ќе поминеме на следната седница.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Есад Рахиќ, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Слободан Чашуле, Трифун Костовки, Гајур Сарач, Благоја Гешоски, Ванчо Георгиев, Али ахмети, Ванчо Стаменков и Сашко Кедев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Единствено останата точка од оваа седница е ***Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Скопје.***

Претресот е заклучен.

Предлогот Ведат Вели да биде избран за претседател на Апелациониот суд во Скопје го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници.

68 пратеници гласале за.

Воздржани нема.

Против гласал 1 пратеник.

Констатирам дека ***Ведат Вели е избран за претседател на Апелациониот суд во Скопје.***

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 10,40 часот)